20090060133

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за водите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јануари 2009 година.

Бр. 07-240/1
14 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

Член 1

Во Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" број 87/2008), во членот 206 точката 5 се брише.

Точките 6, 7 и 8 стануваат точки 5, 6 и 7.

Член 2

Во членот 212 по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Од вкупните средства од надоместоците од членот 207 на овој закон 5% се користат за:

1) реализација на техничките и економските решенија за рационално искористување на водите, за заштита на водите од загадување и за заштита од штетно дејство на водите содржани во Водостопанската основа на Република Македонија и плановите за управување со речните сливови;

2) изработка на Национална стратегија за води, Водостопанската основа на Република Македонија и плановите за управување со речните сливови;

3) покривање на трошоците за работење на Националниот совет за води, Советот за управување со речен слив, советот за управување со дел од речен слив, како и други комисии и тела основани со овој закон;

4) изработка на студии и научно-истражувачки работи во областа на управувањето со водите;

5) востановување, одржување и развој на државната мрежа за мониторинг на водите;

6) учество во изградба и одржување на водостопански објекти;

7) промовирање на техники и методи за штедење на водата;

8) учество во остварување на обврските од меѓудржавните договори и конвенции во областа на водите и заштита на водите и водените екосистеми;

9) усовршување на кадри од областа на управувањето со водите и

10) други намени со цел за имплементација на Националната стратегија за води, Водостопанската основа на Република Македонија и плановите за управување со речните сливови.

(7) Средствата од ставот (6) на овој член се користат според Програмата за управување со води од членот 218 на овој закон.“

Член 3

Членовите 216 и 217 се бришат.

Член 4

Во насловот на членот 218 зборовите: „и придонесот за води“ се бришат.

Во ставот (1) зборовите: „и од Придонесот за води" се бришат.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од членот 132 алинеи 1 и 2 на Законот за водите (“Службен весник на Република Македонија” број 4/98, 19/2000, 42/2005 и 46/2006).

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.